Република Македонија
Бр. ________________
___.____._______ година
С к о п ј е

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, по скратена постапка

ЕПП.бр.:

Усогласенот со Годишната програма на Владата:
Во согласност со Годишната програма на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Карактер на материјалот:

- слободен пристап

Итност на материјалот: Итен карактер

Прилог:

- Образец за фискални импликации;
- Извештај за проценка на влијание на регулативата;
- Амандман на Рамковниот договор за заем од 8 март 2010 година меѓу Банката за развој при Совет на Европа и Република Македонија **по Проектот за** домување на социјално ранливи групи (на македонски и англиски јазик)

Дата на доставување на материјалот:
____._____.___________ година

ПОТПИС:

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии
______________________________

Изработил: Ана Димитриевска / Тања Колева
Проверил: Кристина Павловска / Андрија Алексоски
Одобрил: Дејан Николовски
Согласен: Наташа Стојмановска

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

*М Е М О Р А Н Д У М*

Предлог на Закон
за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, по скратена постапка

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
и Министер за финансии

Скопје, Ноември 2013

ПРЕТСТАВНИЦИ:
Зоран Ставрески, Заменик Претседател на Влада и Министер за финансии
Ардиан Џеладини, Заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Наташа Стојмановска, државен секретар, Министерство за финансии
Дејан Николовски, раководител на сектор, Министерство за финансии

Предлог на Закон
за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, по скратена постапка

Скопје, Ноември 2013

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. _________
од _________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 и 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, по скратена постапка што го утврди на седница ______________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и Ардиан Целадини, заменик министер за финансии, а за повереници Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерство за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

__________________________________

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

На 02.11.2009 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи и истиот е објавен во Службен весник на РМ бр. 133/2009. Последователно, на 08.03.2010 година потпишан е Рамковниот договор за заем меѓу Република Македонија и Банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ) за реализација на Проектот за домување на социјално ранливи групи.

Вкупната вредност на Проектот изнесува 50.700.000 евра. ЦЕБ учествува во неговото финансирање со 50% од вредноста на проектот, односно со 25.350.000 евра, додека Република Македонија учествува во реализацијата на овој проект со 50% од вредноста на проектот, односно со 25.350.000 евра и дополнителни 18% од вкупната вредност на проектот, за подмирување на обврската по основ на ДДВ, од Буџетот на Министерството за транспорт и врски. Досега, за овој проект повлечени се четири транши од заемот во вкупен износ од 7.747.000 евра, кои ќе се отплаќаат од Буџетот од РМ, додека остануваат 17.603.000 евра во денарска противвредност за повлекување кои ќе ги отплаќа Акционерско друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје (АДИССДП на РМ).

Координатор на овој Проект е Министерството за транспорт и врски, додека имплементатор е Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија (ЈПССДП на РМ) сегашно Акционерско друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје (АДИССДП на РМ).

ЦЕБ на 28.11.2012 година со официјален допис го извести Министерството за финансии дека не го прифаќаат предлогот на Министерството за финансии од 17.01.2012 година за промена на должникот на Проектот за домување на социјално ранливи групи, односно наместо Република Македонија да биде АДИССДП на РМ, додека Република Македонија да издаде гаранција. Истовремено, ЦЕБ информираше дека се спремни да ја разгледаат опцијата на „on-lending„ аранжман помеѓу Владата на Република Македонија и АДИССДП на РМ.

Согласно точка 1 од Извадокот од нацрт записникот од 116-тата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 29.01.2013 година, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и АДИССДП на РМ подготвија Рамковен договор за под-заем (он-лендинг) за реализација на Проектот за домување на социјално ранливи групи, со кој се менува концептот на проектот. Имено, заемот од ЦЕБ ќе се отплаќа од приходите на АДИССДП на РМ наместо од Буџетот на Република Македонија.

Владата на Република Македонија на 136-тата седница одржана на 21.05.2013 година го прифати текстот на Рамковниот договор за под-заем помеѓу Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и АДИССДП на РМ, за реализација на

Проектот за домување на социјално ранливи групи.

Оттука, Министерство за финансии на 28.06.2013 година го достави текстот на Рамковниот договор за под-заем до ЦЕБ на коментари и забелешки. ЦЕБ на 20.11.2013 го прифати текстот на Рамковниот договор за под-заем со тоа што достави Амандман на Рамковниот договор за заем од 8 март 2010 година меѓу ЦЕБ и Република Македонија **по Проектот за** домување на социјално ранливи групи, кој е усогласен истиот ден.

Согласно Рамковниот договор за под-заем, Министерството за финансии му доделува Рамковен под-заем на АДИССДП на РМ во износ од 17.603.000 евра во денарска противвредност за реализација на Проектот за домување на социјално ранливи групи. Под-заемот ќе се реализира во повеќе транши, при што за секоја поединечна транша АДИССДП на РМ ќе достави барање до Министерството за финансии за повлекување на транша и истото ќе биде проследено до ЦЕБ. По одобрување на користењето на траншата од страна на ЦЕБ, Министерството за финансии и ЦЕБ ќе склучат Договор за повлекување за траншата, кој е составен дел од Рамковниот договор за заем **од** 08 март 2010 година.

Последователно, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и АДИССДП на РМ ќе склучат посебен Договор за транша со фиксна или варијабилна каматна стапка, кој е составен дел на Рамковниот договор за под-заем.

По усвојувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Македонија и неговото објавување во Службен Весник на Република Македонија, предвидено е склучување на Амандман на Рамковниот договор за заем од 8 март 2010 година меѓу ЦЕБ и Република Македонија по Проектот за домување на социјално ранливи групи. Последователно, следи потпишување на Рамковен договор за под-заем меѓу Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски и АДИССДП на РМ.

Услов за склучување на Амандман на Рамковниот договор за заем од 8 март 2010 година меѓу ЦЕБ и Република Македонија по Проектот е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08 и 35/11).
Оттука, Владата на Република Македонија изготви Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Главна цел на овој Проект е обезбедување на пристап до соодветно домување на социјално ранливи групи.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот за домување на социјално ранливи групи.

Република Македонија и ЦЕБ ќе склучат Амандман на Рамковниот договор за заем од 8 март 2010 година меѓу ЦЕБ и Република Македонија по Проектот за домување на социјално ранливи групи, со цел Министерство за финансии да му додели Рамковен под-заем на АДИССДП на РМ во износ од 17.603.000 евра во денарска противвредност за реализација на Проектот.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Предлогот на Закон ќе предизвика намалување на обврските на Република Македонија, бидејќи овие средства Министерството за финансии ќе ги отплати од отплатите на АДИССДП на РМ.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ДОМУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ ГРУПИ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на Закон
за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, по скратена постапка

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи („Службен весник на Република Македонија“ број 133/2009), членовите 5 и 6 се бришат.

Член 2

По членот 4 се додава нов член, кој гласи:

„За дел од средствата во износ од 17.603.000 евра во денарска противвредност ќе се склучи Рамковен договор за под-заем за реализација на Проектот за домување на социјално ранливи групи меѓу Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Овие средства, Република Македонија ќе ги отплаќа од средствата кои ќе се приберат со отплата на позајмените средства од страна на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Останатите средства во износ од 7.747.000 евра, Република Македонија ќе ги отплаќа од Буџетот на Република Македонија.“

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Услов за склучување на Амандман на Рамковниот договор за заем од 8 март 2010 година меѓу ЦЕБ и Република Македонија по Проектот за домување на социјално ранливи групи е донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08 и 35/11).

Со Амандманот на Рамковниот договор за заем се менува концептот на проектот.
Имено, за дел од средствата во износ од 17.603.000 евра во денарска противвредност ќе се склучи Рамковен договор за под-заем за реализација на Проектот за домување на социјално ранливи групи меѓу Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и АДИССДП на РМ. Овие средства, Република Македонија ќе ги отплаќа од средствата кои ќе се приберат со отплата на позајмените средства од страна на АДИССДП на РМ. Останатите средства во износ од 7.747.000 евра, Република Македонија ќе ги отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Оттука, Владата на Република Македонија изготви Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат опис на измените кои ќе бидат направени со потпишување на Амандман на Рамковниот договор за заем од 8 март 2010 година меѓу ЦЕБ и Република Македонија по Проектот за домување на социјално ранливи групи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Со измената и дополнувањето на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи ќе се забрза реализацијата на Проектот.

Еден од важните елементи на политиката за социјален развој е зголемување на квалитетот на живот на лицата со ниски приходи и ранливи групи со обезбедување на нивно соодветно домување.

# ИЗВОД ОД ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ДОМУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ ГРУПИ

## Член 5

Проектот за домување на социјално ранливи групи од Рамковниот договор за заем од членот 2 став 1 на овој закон ќе го реализира Министерството за транспорт и врски.

## Член 6

Република Македонија заемот ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

*ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ*

<table>
<tr><td colspan="2">1. Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, по скратена постапка</td><td colspan="2">2. Министерство/орган на државна управа:<br>Министерство за финансии</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">3. Цел на предлогот:<br>Целта на предлогот е промена на концептот на проектот. Имено, заемот од ЦЕБ ќе се отплаќа од приходите на АДИССДП на РМ наместо од Буџетот на Република Македонија</td><td colspan="2">4. Вид на предлог:<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договорот за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, по скратена постапка</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">5. Контакт лице и звање:<br>Дејан Николовски, раководител на сектор</td><td colspan="2">6. Контакт тел./факс или е-пошта:<br>Тел. 3106-381<br>dejan.nikolovski@finance.gov.mk</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="5">7. Активност:</td></tr>
<tr><td>8. Вид на барање:</td><td>( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>( ) Друга нова регулатива</td><td>( x ) Нова програма<br>( ) Зголемување/ намалување на постоечка програма</td><td colspan="2">( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми</td></tr>
<tr><td colspan="5">9. Цел на барањето / предложената активност: Со донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување, може да се пристапи кон склучување на Амандман на Рамковниот договор за заем од 8 март 2010 година меѓу ЦЕБ и Република Македонија по Проектот за домување на социјално ранливи групи. Последователно, следи потпишување на Рамковен договор за под-заем меѓу Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски и АДИССДП на РМ.</td></tr>
<tr><td colspan="5">10. Врска со владината програма: Предлогот на закон е во согласност со Програмата на Владата</td></tr>
<tr><td>11. Фискални импликации:</td><td colspan="4">(илјади денари)</td></tr>
<tr><td></td><td>2013</td><td>2014</td><td>2015</td><td>2016</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (А-Б)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Ѓ. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор:<br>Заем од Банка за развој при Совет на Европа | | | | |
| 12. Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |

| | |
|---|---|
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Г) | Рамковен договор за под-заем во износ од 17.603.000 евра во денарска противвредност за реализација на Проектот за домување на социјално ранливи групи ќе се склучи меѓу Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (АДИССДП на РМ).<br><br>Доколку, АДИССДП на РМ не ги исполнува и сервисира обврските во рокови и услови предвидени во Рамковен договор за под-заем за реализација на Проектот, во тој случај Република Македонија ќе ги намирува обврските од договорот. |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дадете образложение. | |
| 15. Дата на завршување на проценката | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии: | |
| Одговор на министерството-предлагач: | |
| Одговор од Министерството за финансии: | |
| 19. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |
| 20. Одобрено/дата:<br><br>______________________________ Потпис на државен секретар или директор на орган<br><br>__/___/______ Ден/месец/ год.<br><br>_______________________ Зоран Ставрески Заменик претседател на Влада и Министер за финансии<br><br>___/___/ Ден/месец/год. | |

Изработил: Ана Димитриевска / Тања Колева
Проверил: Кристина Павловска / Андрија Алексоски
Одобрил: Дејан Николовски
Согласен: Наташа Стојмановска